## Стандард на занимање

| Назив на СЗ | **Електротехничар за инсталација и одржување** |
|---|---|
| **Код на СЗ** | 0510.40.07 |
| **Сектор** | ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ |
| **Ниво на сложеност на работни задачи** | IV (четврто) |
| **Опис на занимањето** | Електротехничарите за инсталација и одржување **планираат, изведуваат, одржуваат и надгледуваат** електрични системи во индустриски, трговски и домашни средини. Работат со **нисконапонски и среднонапонски системи** и уреди, како што се разводни табли, електромотори, кабли, осигурувачи, заштитни прекинувачи, системи за греење, осветлување, климатизација, автоматизација и роботизација, мерна и контролна опрема, противпожарни и безбедносни системи, како и системи за обновлива енергија.<br><br>Покрај практичната работа, електротехничарите се оспособени за **читање, изработка и интерпретација на технички цртежи и електрични шеми**, како и подготовка на техничка документација. Тие вршат **електрични мерења, анализа на дефекти, дијагностика**, процена на ризици и предлагање технички решенија.<br><br>Особено внимание посветуваат на **електричната безбедност, енергетската ефикасност и усогласеноста со национални и меѓународни стандарди**. По завршување на нивната работа, системите мора да бидат безбедни, функционални и оптимизирани за употреба. |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| **1.** | Планирање и организирање работни активности | Планирање и организација на работните активности | 1. Ги планира работните активности и потребите од опрема, материјал и средства за работа<br>2. Планира и утврдува состојба на тимот, како и состојба на потребни материјали, алат и опрема за работа<br>3. Прави распоред на активности<br>4. Определува приоритет на активности<br>5. Проверува информации од техничка документација |
| **2.** | Подготовка за работа | Подготовка на услови за работа, соодветна работна опрема и материјали за извршување на планираните активности | 1. Го презема и/или испорачува работниот налог/задача<br>2. Ја проверува локацијата за работа и ги идентификува факторите кои ќе имаат влијание врз работата<br>3. Врши проверка на дозволи за работа и пристапни права во однос на локацијата за работа<br>4. Планира временска рамка за изведување на работните активности<br>5. Укажува на можни непредвидени ситуации и соодветни активности за реализација на работна задача<br>6. Обезбедува потребна техничка документација<br>7. Контролира техничка исправност на опремата, |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | материјалите и алатот за работа<br>8. Ја контролира заштитната опрема што ќе се користи при изведувањето на работните активности<br>9. Практикува мерки за обезбедување на местото на работа согласно со важечките прописи за заштита и безбедност при работа |
| **3.** | Оперативни работи | Инсталација и пуштање во работа електрични системи и опрема | 1. Ги идентификува барањата на проектот за инсталација<br>2. Користи соодветен алат, прибор, материјали и опрема<br>3. Врши физичко поставување на опремата и материјалите според проектната документација<br>4. Проверува исправност на вградените материјали и опрема пред пуштањето во работа<br>5. Врши тестирање, мерење и пуштање во работа на електрични системи и останата опрема<br>6. Ја следи функционалноста на дополнителната опрема во електричниот систем<br>7. Користи соодветна техничко-технолошка документација<br>8. Контролира квалитет на изведен електричен систем<br>9. Води евиденција и задолжување на потрошен материјал |
| | | Лоцирање, дијагностицирање и отстранување дефекти во електрични системи | 1. Анализира техничко-технолошка документација потребна за отстранување настанати дефекти<br>2. Обезбедува соодветен алат и материјали за отстранување дефекти<br>3. Пред почетокот на работните активности потврдува безбедни услови за пристап до работната локација каде што е лоциран дефектот кој треба да се отстрани<br>4. Проверува безбедност на местото за работа и спроведува МКС-стандарди за безбедност и заштита при работа<br>5. Анализира причини за настанати дефекти во електричниот систем<br>6. Разликува дефекти од електрична и неелектрична природа<br>7. Лоцира, селектира и дијагностицира дефекти во електрични системи<br>8. Врши демонтажа на оштетени материјали и компоненти во електричните системи<br>9. Монтира функционални делови и опрема на местото на оштетените делови од електричниот систем<br>10. Интервенира согласно со техничките упатства при аларм за неисправност на одредена |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | инсталирана компонента или уред<br>11. Применува технички мерки за заштита од струен удар, куса врска, прекумерна струја, пренапони и напон на допир |
| | | Вршење редовно и периодично одржување на електричните системи | 1. Извршува работи согласно со планот за редовно и периодично одржување<br>2. Врши редовна визуелна проверка на материјалите и опремата во електричните системи<br>3. Користи мерен прибор за проверка на параметрите на електричниот систем<br>4. Врши редовна проверка на разводни кутии и ормани заради навремено отстранување причини кои можат да доведат до куса врска<br>5. Врши периодична проверка на терминални контакти и приклучоци<br>6. Користи термална камера за анализа на температурни аномалии во електричниот систем<br>7. Проверува функционалност на заштитни уреди во електричниот систем<br>8. Води евиденција и документација за извршената контрола и одржување на електричниот систем заради понатамошни поправки и безбедност<br>9. Спроведува стандардизирано означување и идентификација на уреди и опрема кои влијаат на безбедноста и заштитата |
| **4.** | Комерцијални активности | Работење според пазарните законитости | 1. Работи според дефинирани пазарни услови<br>2. Учествува во изработка на понуди<br>3. Разликува видови трошоци<br>4. Структурира трошоци<br>5. Евидентира трошоци на материјал и време<br>6. Оптимизира трошоци во работата<br>7. Познава основи на претприемништво<br>8. Ги следи пазарните трендови<br>9. Учествува во проверка на фактурите за испорачана опрема, резервни делови и други материјали, како и за надворешни услуги |
| | | Учество во подготовка на јавни набавки | 1. Прави евиденција на потребни елементи, материјали и уреди за набавка/понуда<br>2. Учествува во испитување на пазарот<br>3. Прибира и обработува податоци за предметот на набавка/понуда<br>4. Проценува дали понуден производ или материјал ги исполнува потребните карактеристики и ги задоволува потребите<br>5. Се грижи за заштита на комерцијално доверливите информации до кои има пристап |
| **5.** | Административни активности | Пополнување работна документација | 1. Изработува извештаи<br>2. Издава/прима налози за работа<br>3. Пополнува дневник за работа |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | 4. Пополнува документи за трошоци на материјал и време (дневно и периодично)<br>5. Пополнува листи на дефекти и нивна санација<br>6. Внесува промени во техничка документација по извршени интервенции<br>7. Води евиденција за состојбата на средствата за работа<br>8. Правилно чуваработна документација<br>9. Користи соодветна техничко-технолошка документација<br>10. Води евиденција и задолжување на потрошен материјал |
| **6.** | Активности за осигурување на квалитет | Контрола, тестирање и осигурување функционалност на електрични системи | 1. Проверува вредности на електрични параметри<br>2. Контролира квалитет на вграден материјал<br>3. Контролира квалитет на поставена управувачка и сигнализациска опрема и опрема за надзор<br>4. Контролира квалитет на функционирање на електричните системи<br>5. Утврдува потреба од промена на опремата или делови од истата<br>6. Учествува во анализа за осовременување на материјалите и алатите за инсталирање, поправка и одржување на електричните системи |
| | | Контрола на квалитет и усогласеност на работа во однос на прописи, стандарди и нормативи | 1. Контролира правилна примена на МКС-прописите, стандардите и нормативите при изработка, инсталирање, поправка и одржување на електричните системи<br>2. Контролира квалитет на основен, дополнителен и помошен материјал<br>3. Контролира состојба на алатот и приборот<br>4. Почитува професионални кодекси и политики на компанијата<br>5. Користи алати и мерни инструменти за контрола на квалитет и мерење на перформансите на електричните системи<br>6. Следи и усвојува нови поими, протоколи и стандарди за работа<br>7. Дава предлози за унапредување на работата и подобрување на квалитетот<br>8. Укажува на воочени „тесни грла“ во работењето и други пречки што влијаат врз квалитетот на работата. |
| **7.** | Одржување и поправање опрема | Превентивни, редовни и вонредни прегледи на електрични системи | 1. Врши редовни и вонредни проверки според месечни и годишни планови за одржување<br>2. Учествува во проверка на степенот на амортизација на опремата<br>3. Заменува компоненти со поминат работен век пропишан од производителот<br>4. Идентификува големи недостатоци и итни активности за одржување<br>5. Учествува во изработка на планот за поправки по инспекции според приоритетот на недостатоците согласно со инспекциските листи |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | 6. Врши поправки согласно со изработениот план за поправки |
| | | Редовно одржување средствата за работа | 1. Прегледува, чисти и складира алат, прибор и мерни инструменти<br>2. Навремено ги проследува на сервис алатот и приборот кои ги користи во работата<br>3. Проследува одредени мерни инструменти и уреди на баждарење согласно со МКС-стандардите<br>4. Работи според правила и постапки за одржување и основно поправање на алатот, приборот, инструментите и уредите |
| **8.** | Комуникација | Комуникација со соработници, производители на опрема, добавувачи на материјали и овластени сервисери | 1. Комуницира и разменува информации со соработниците во тимот<br>2. Комуницира со соработници од други тимови и служби<br>3. Комуницира со надворешни компании при обезбедување информации или реализација на активност<br>4. Применува деловна комуникација и стручно-техничка терминологија<br>5. Користи технички помагала во комуникацијата<br>6. Развива и поддржува тимска хиерархија и решава конфликти<br>7. Почитува основи на работна култура<br>8. Користи онлајн извори на информации за усовршување и надградба на знаењето |
| | | Комуницира со клиенти | 1. Комуницира со клиенти при пријава на пречки, дефекти или неквалитетна услуга<br>2. Комуницира со клиенти при интервенции за отстранување пречки, дефекти или неквалитет на услугите<br>3. Комуницира со клиенти при обезбедување нови услуги |
| **9.** | Здравје, безбедност и заштита при работа и заштита на животната средина | Изведување работи без сопствено загрозување или загрозување на соработниците согласно со законските регулативи | 1. Запазува мерки за обезбедување на местото на работа, за себе и за својот тим, во согласност со важечките препораки и прописи за заштита и безбедност при работа<br>2. Користи лични и групни заштитни средства и опрема во работата<br>3. Применува заштита од струен удар<br>4. Воочува потенцијални причини за несреќа поради несоодветна употреба на алатот, приборот, уредите и опремата<br>5. Спроведува прописи од подрачјето на работната регулатива<br>6. Спроведува насоки на добавувачите и производителите соодветни за безбедна употреба, одржување, ракување, транспорт и |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | складирање на опремата<br>7. Врши давање прва помош, посебно во случај на настрадан од струен удар<br>8. Запазува постапки во случај на пожар<br>9. Почитува организациски процедури во случај на повреди, итни ситуации и евакуација |
| | | Заштита на поблиската или пошироката животна средина од негативни влијанија на материјалите и средствата за работа | 1. Применува еколошки работни процедури<br>2. Селектира отпаден материјал<br>3. Ги идентификува и пријавува материјалите, производите и опремата кои би можеле да предизвикаат штета врз животната средина во согласност со организациските процедури<br>4. Се грижи и обезбедува да бидат известени релевантните луѓе за сите процедури за функционирање на системот или компонентите што имаат цел да ја заштитат животната средина<br>5. Правилно складира и отстранува отпаден и опасен материјал<br>6. Ги следи процедурите за работното место за безбедно ракување, складирање и отстранување опасни материјали и производи<br>7. Применува прописи и мерки за заштита на животната средина<br>8. Идентификува работни практики кои можат да предизвикаат штета врз животната средина<br>9. Запазува уредност на работното место |

| Знаење за занимањето/Вештини за занимањето |
|---|
| **Знаење за занимањето:**<br>• Анализира техничко-технолошка документација<br>• Разликува електрични и неелектрични големини<br>• Искажува електрични големини (напон, струја, моќност, отпорност, капацитет, индуктивност, фреквенција)<br>• Наведува единици за електрични големини<br>• Разликува мерни инструменти и мерна опрема<br>• Опишува грешки и правилно функционирање на мерните системи и инструменти<br>• Наведува опасности поврзани со електричните мерења<br>• Објаснува баждарење и калибрација на електрични мерни инструменти<br>• Објаснува функција и потреба од мерна опрема<br>• Презентира мерење на електрични големини (еднонасочен и наизменичен напон, електрична струја, моќност, отпорност, капацитет, индуктивност, фреквенција и др.)<br>• Прикажува симболи на електрични елементи<br>• Чита и толкува електрични шеми<br>• Разликува дефекти од електрична и неелектрична природа во електрични системи<br>• Анализира различни видови дефекти<br>• Опишува својства и технички карактеристики на електрични системи<br>• Препознава означување и обележување на електрични системи<br>• Разликува испитување, одржување и поправка на електрични системи<br>• Наведува технички мерки за заштита од струен удар, куса врска, прекумерна струја, |

пренапони, напон на допир и чекор и од пожар

- Искажува процедури за безбедно електрично изолирање
- Објаснува потреба од хардверски и софтверски надградби на мерните уреди
- Анализира системи за заземјување во согласност со МКС-стандардите
- Наведува постапки и процедури за безбедно извршување на работните активности

**Вештини за занимањето:**

- Извршува задачи согласно со техничко-технолошката документација
- Чита и толкува електрични шеми
- Избира и користи соодветен мерен инструмент и мерен уред
- Мери: напон, струја, отпор, моќност, енергија, фреквенција, индуктивност, капацитет, отпор на заземјување и отпор на изолација
- Толкува резултати од извршени мерења
- Лоцира, дијагностицира и отстранува дефекти во електрични системи
- Евидентира баждарење и калибрација на електричните мерни инструменти
- Одржува и чува електрични мерни инструменти и мерни уреди
- Врши редовно одржување на опремата и уредите во електричните системи
- Применува технички прописи и стандарди за изведба и одржување на електрични системи
- Применува технички мерки за заштита од струен удар, куса врска, прекумерна струја, пренапони, напон на допир и чекор и од пожар
- Проверува исправност на воспоставени примарни и секундарни електрични поврзувања на уредите и опремата во електричните системи
- Избира, монтира, поврзува и вградува соодветни елементи/материјали во електрични системи (осигурувачи, прекинувачи, склопки, проводници, релеа и др.)
- Запазува редослед на постапки при манипулации со елементите и уредите во електричните системи
- Монтира, инсталира, пушта во работа и испитува електрични системи
- Запазува процедури за безбедно електрично изолирање
- Врши хардверски и софтверски надградби на мерните уреди и инструменти
- Користи информатички технологии
- Користи соодветен алат и прибор
- Користи и применува лична заштитна опрема
- Спроведува процедури за безбедност и заштита при работа

| | |
|---|---|
| **Клучни компетенции** | **Комуникација на мајчин јазик:** Способен е да споделува и протолкува концепти, размислувања, налози, факти, барања и ставови во усна и во писмена форма и да остварува јазична интеракција со клиенти, соработници, производители и добавувачи на материјали и опрема на соодветен и креативен начин во различни професионални, општествени и културолошки контексти. Способен е да користи различни видови документација што се однесува на електричните системи, да пребарува, собира и обработува информации, да ги формулира и изразува сопствените усни и писмени аргументи на убедлив начин соодветен на контекстот.<br><br>**Комуникација на странски јазик:** Доколку има потреба од користење странски јазик во специфичен општествен и културен контекст поврзан со работата, способен е да разбира, искажува, толкува концепти, размислувања, факти и ставови и во усна и во писмена форма. Способен е да го користи странскиот јазик со цел компетентно да го следи напредокот во професијата и да ги надградува сопственото знаење и вештините во сферата на електричните системи. |

| | |
|---|---|
| | **Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата**: Применува нумеричко размислување и знаење во објаснување и решавање низа задачи за време на секојдневната работа со опремата и администрацијата. Користи и работи со техничко-технолошки алатки, како и податоци за извршување на задачите. Врши собирање на податоци потребни за самоунапредување на полето на електричните системи.<br><br>**Дигитални компетенции**: Користи основна ИТ-технологија за да ја обезбеди најдобрата можна функционалност на електричните системи. Пребарува, собира и обработува дигитални информации и ги користи на критички и систематски начин. Користи алатки за подготовка, презентирање и разбирање на комплексни информации во изведувањето на задачите. Врши хардверски и софтверски надградби на алатките и уредите кои ги користи, препорачани од производителот.<br><br>**Учење како се учи**: Способен е да пристапи, стекне, обработи и усвои ново знаење и вештини заради личен напредок, како и да ги примени за унапредување на работата. Способен е да управува со сопственото учење, кариера и работни рутини. Истраен е во автономното учење, но и во учењето за време на работата со соработниците.<br><br>**Чувство за иницијатива и претприемништво:** Покажува иницијатива за реализирање на важните идеи и нивно спроведување во дела за да се подобрат состојбите. Способен е да ги препознае можностите и да иницира подобрување на состојбите во различни ситуации. Придонесува кон развојот на култура која ги поддржува иницијативите и иновациите и ги препознава различните вештини на сите во рамките на службата.<br><br>**Социјални/општествени и граѓански компетенции**: Во секојдневното опкружување способен е да манифестира лични, интерперсонални и интеркултурни компетенции за конструктивна комуникација со луѓе од различни профили, да покажува толерантност, да изразува и разбира различни гледишта и да создава доверба.<br><br>**Културолошка свест и изразување**: Го препознава и го цени креативниот израз на идеи, искуства и емоции и соодветно ги поврзува со самоподобрувањето на членовите во тимот. Ги приближува сопствените креативни и експресивни ставови со размислувањата на другите членови во тимот и ги изразува на соодветен начин со што ја подобрува ефикасноста во нивното работење. |

| | |
|---|---|
| **Посебни услови** | **Работна средина:**<br>• производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија<br>• индустриска<br>• сопствен бизнис<br>• станбени објекти<br>• погонски услови |

| | |
|---|---|
| | • медицински установи<br>• сообраќај и транспорт<br>• образование и наука<br>• туризам и угостителство<br>• култура, медиуми и филмска индустрија<br>• установи за јавни услуги<br>• комерцијална средина |

| | |
|---|---|
| **Законска регулатива, прописи и индустриски стандарди** | **Соодветни индустриски стандарди и прописи**:<br>• Закон за безбедност и здравје при работа<br>• Закон за животна средина<br>• Закон за заштита на лични податоци<br>• Закон за работни односи<br>• Закон за метрологија<br>• Закон за стандардизација<br>• Закон за акредитација<br>• Закон за енергетика<br>• Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија<br>• Македонски стандарди во електротехниката, телекомуникациите, електрониката и информатичката технологија |

| | |
|---|---|
| **Донесен од:** | Министерство за економија и труд |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на одобрување** | Решение бр. 12-4761/2 од 07.11.2025 година | **Датум на ревизија** | |